РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

17-1030/1
19-06-2018

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**ВИЗИЈА:**

Агенцијата како самостоен државен орган е една од институциите од стратешко значење за развојот и одржливоста на стручна и компетентна администрација во Република Македонија и е препознаена и прифатена по својот висок интегритет, професионализам, непристрасност, објективност, транспарентност и сервисната ориентираност.

**МИСИЈА:**

Мисијата на Агенцијата е да овозможи создавање, развој и одржливост на професионална и сервисно-ориентирана администрација и да ја зајакне нејзината правна сигурност, преку организирање на постапките за селекција на кандидатите за административни службеници, спроведување на испитот за административно управување и остварување на правната заштита на административните службеници во втор степен

Политиката за квалитет е составен дел на Стратешкиот план на Агенцијата за администрација и претставува рамка за дефинирање на целите за квалитет.

За остварување на целите, Агенцијата за администрација ги почитува следните принципи:

- **Ефикасно и ефективно спроведување на Системот за управување со квалитет, како и негово континуирано унапредување, согласно барањата од Стандардот ISO 9001:2015;**
- **Афирмирање на лидерството како еден од принципите за раководење, со што ќе обезбедиме мотивираност и посветеност кон остварување на стратешките определби и цели;**
- **Идентификување на ризиците во работењето и проактивно управување со нив заради унапредување на услугите, процесите и Системот за управување со квалитет;**
- **Навремена и точна реализација на барањата на корисниците на услугите на Агенцијата за администрација;**
- **Градење на долгорочни заемно корисни врски со деловните партнери;**
- **Обезбедување на здрава работна средина и обука за поттикнување на свеста на вработените за заштита на животната средина;**
- **Воспоставување на ефикасна комуникација со сите заинтересирани страни;**
- **Вложување во кадровскиот персонал со постојана обука и стручно усовршување на вработените;**
- **Поголема и потранспарентна одговорност кон административните службеници и кон институциите во јавниот сектор;**
- **Дух на корпоративна дисплицина и мотивација и**
- **Почитување на законските прописи и барања на државната и локалната власт.**

Политиката за квалитет е достапна на јавноста и претставува обврска за сите вработени.

***Професионална, сервисно-ориентирана и правно-сигурна администрација.***

**Датум**
**19.06.2018 година**

**АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА**
**ДИРЕКТОР,**
**СПАСЕ ГЛИГОРОВ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА СКОПЈЕ